Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
________________
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## од 479–та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2024 година**

Седницата се одржа на ден 21.02.2024 година – среда во салата за седници со почеток од 10.00 часот.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател и член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска**, член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, член на Советот
- **Сашко Георгиев,** член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска,** член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, член на Советот
- **Мирсад Суроји**, член на Советот
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Лорета Горгиева,** член на Советот**,** отсутна поради користење на боледување

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Вера Андрејчин,** Советник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- **Претставници од невладиниот сектор**
- **Новинари**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение го изложи следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Постапување по одлука на Управен суд;
2. Постапување по приговор поднесен против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за престанок на судиска функција, за престанок на мандат на член на Советот и за престанок на работниот однос;
3. Одлучување за патни трошоци на судија;
4. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
5. Утврдување на престанок на функцијата судија поротник;
6. Постапување по приговори од судии поднесени против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово;

7. Разгледување на извештаи за работна посета на Апелационен суд Скопје и Основен суд Охрид;
8. Разгледување на прашањето за начинот на постапување на Советот, по донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на претседателски и парламентарни избори и
9. Разно.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** го стави на гласање предлог Дневниот ред по што констатира дека со 10 гласа „За“ е усвоен предложениот дневен ред.

## Точка 1

### Постапување по одлука на Управен суд

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** наведе дека постапувајќи по тужбата на тужителот Зоран Теофиловски, Управниот суд донел пресуда со која тужбата на тужителот се усвојува, а Решението на Судскиот совет на РСМ, со кое е ставено вон сила претходното Решение по што му е продолжен мандатот на судијата и со кое на судијата му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија се поништува. Од страна на Судскиот совет беа донесени решенија со кои се ставаат вон сила решенијата на Судскиот совет со кои им е продолжен мандатот на судиите и тоа сметано од 01.07.2022 година и на судиите заклучно со 30.06.2022 година, им престанува судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, а согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи. Ставот на Управниот суд е дека е повреден законот на штета на тужителот и дека оспореното решение е незаконито, по што отвори дискусија.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** и наведе дека има повеќе донесени вакви одлуки на Управниот суд, а во конкретниот случај смета дека со датумот 26.04.2023 година е законито решението, меѓутоа е факт дека ставот на Судскиот совет беше на сите да им престане мандатот заклучно со 30.06.2022 година и веќе донесовме одлуки и за сите останати. Сега навистина ќе биде непријатно да се донесе друга одлука, меѓутоа јас како член на Судскиот совет останувам на својот став дека се работи за стекнато право и ние не треба да навлегуваме повеќе, но имаше дискусија и колегите ја кажаа својата аргументација и сметаат дека треба да им престане мандатот заклучно со 30.06.2022 година. Имаме одлука на Уставен суд која различно ја толкуваме и тоа е право на секој од нас како да ја толкува, се наметна и прашањето дали се продолжува работниот однос повеќе од една година, значи повеќе отколку што дозволува законот и факт е дека правилно е решението кога прв пат се постапувало, бидејќи во претходната година се бара продолжување за наредната година во која полни 64 години, но за една година. Максимум е една година значи до 26.04.2023 година. Што да правиме кога сите други одлуки се донесени со 30.06.2022 година?

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека решението донесено од 2021 година со кое на Зоран Теофиловски му е уважено барањето и мандатот за судија му е продолжен до 26.04.2023 година, а решението е донесено на 07.06.2021 година, значи две години пред да истече мандатот согласно

ова решение. Во образложението на решението Судскиот совет се повикува на член 104 став 2 и 3 од Законот за работни односи („Службен весник на РСМ“ бр.167/15 и 120/18), како и измените на Законот за судовите.

Во став 2 од Законот за работни односи е предвидено дека: Работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст (маж), односно до 65 години возраст (жена), доколку со закон поинаку не е утврдено.Во став 3 е предвидено дека писмената изјава од ставот (2) на овој член, работникот ја дава најдоцна до 31 август во годината која што и претходи на годината во која ги исполнува условите на ставот 1 од овој член. Во случајот Зоран Теофиловски исполнува 64 години, меѓутоа треба да даде изјава најдоцна до 31 август претходната година, значи во 2022 година за 2023 година, односно еднаш годишно ја дава таа изјава се додека не наврши 67 години. Во случајот изјавата на Зоран Теофиловски е дадена 2021 година и можела да трае се до крајот на 2022 година, а за 2023 година тој мора да поднесе нова изјава. За мене ова решение е незаконско бидејќи немал право работодавачот, во случајот Судскиот совет да му продолжи мандат повеќе од една година.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор го стави на гласање предлогот да се донесе решение со кое се огласува за ништовно решението на Советот и дека на Зоран Теофиловски, судија на Апелациониот суд Гостивар му престанува судиската функција заклучно со 30.06.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија. По гласањето констатира дека со 6 гласа ,,За'' и 4 гласа ,,Против'' е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-690/2 од 15.06.2021 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО.

2.На Зоран Теофиловски судија на Апелациониот суд Гостивар му престанува судиската функција на 30.06.2022 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 2**

**Постапување по приговор поднесен против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за престанок на судиска функција, за престанок на мандат на член на Советот и за престанок на работниот однос**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека Мери Радевска поранешен член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и судија на Основен суд Битола, достави приговор против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Решение бр.02-296/1 од 01.02.2024 година, со кое се утврдува престанок на судиска функција на 31.01.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија, Решение бр.02-298/1 од 01.02.2024 година, со кое и престанува мандатот на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија 31.01.2024 година и Решение бр.02-298/2 од 01.02.2024 година со кое поради исполнување на услови за старосна пензија и престанува работниот однос заклучно со 31.01.2024 година. Наведе дека приговорот не е потпишан, по што отвори расправа.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека приговорот кој е поднесен од страна на поранешниот член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Мери Радевска не е потпишан и треба да се потпише, во спротивно приговорот не е целосен и не може да се прифати, односно треба да се отфрли.

За збор се јави **Претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми** и наведе: факт е дека поднесениот приговор не е потпишан и смета дека треба да се врати и да се потпише бидејќи со процесните закони ги враќаме за потпис.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** и наведе: поднесениот приговор треба да се врати и да се потпише од страна на подносителот зошто ние немаме законски основ за да го отфрлиме и дека треба да ја повикаме подносителката да го потпише приговорот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека ова прашање не е регулирано во Законот за Судскиот совет, од друга страна во Законот за Судски совет не е регулирано ни по кој процесен закон работи Судскиот совет, меѓутоа ние вообичаено ги применуваме Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка, Законот за општа управна постапка. Во Законот за парнична постапка, член 98 во став 8 е предвидено: поднесокот од адвокат задолжително содржи печат, односно електронски потпис од адвокатот и адвокатска маркичка. Во случај да не ги содржи овие елементи поднесокот се смета за неуреден и судот ќе го отфрли. Во случајот станува збор за член на Судски совет, правник и искусен судија и мислам дека поднесениот приговор треба да биде отфрлен.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** и наведе: ние зборуваме за пропуст за поднесок кој го поднел сам барателот, без оглед дали е судија или не, и адвокатот кога ќе поднесе тужба во судот лично за себе и ако не го потпише јас како судија нема да го прифатам и ќе го отфрлам. Во отсуство на процесни одредби нашето постапување би било целосно ускратување и сметам дека треба да се врати приговорот и подносителот да го потпише истиот.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Ивица Николовски** и наведе: кога ние за едно правно прашање немаме строги одредби кои во секој случај треба да се применат, тогаш како правници мислам дека треба да одиме по некоја аналогија. Не смееме да одиме со отфрлање затоа што се создаваат одредени правни последици за кои што ние не би биле правични. Во ситуација кога ова прашање не е прецизирано со конкретни одредби, сметам дека нема услови на денешната седница да се расправа по барањето, но истото треба да се дополни со потпис од страна на барателот. Јас во овој момент не знам дали е поднесено од нејзе и дали стои таа зад овие наводи и дали лично го истакнува оваа барање. Мојот предлог е да се врати на надополнување, да се уреди, и во наредните седници да постапиме по истото.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** и предлага да се повлече поднесениот приговор и воопшто не требаше да биде ставен на денешната седница, бидејќи и претставките кога не се потпишани бараме да се уредуваат и ако не се потпишани ние го затвораме предметот. Да не дискутираме дали сама го

поднела приговорот или не бидејќе не може на член на Судски совет, некој друг да го донесе приговорот, но сигурно е направен пропуст од нејзина страна и треба ние да ја повикаме за да го потпише поднесениот приговор.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот во врска со поднесениот приговор од Мери Радевска, да се побара произнесување по приговорот, дали истата останува на поднесениот приговор и доколку останува, да достави потпишан приговор. По гласањето констатира дека со 9 гласа ,,За" и 1 глас ,,Против" е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Во врска со поднесен приговор од Мери Радевска, заведен во Судскиот совет на Република Северна Македонија под бр.02-343/1 од 06.02.2024 година, да се побара произнесување од подносителката на приговорот, дали истата останува на поднесениот приговор и доколку останува, да достави потпишан приговор, по кој Судскиот совет ќе одлучува.

**Точка 3**
**Одлучување за патни трошоци на судија**

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, отвори дискусија по однос на барањето на Александар Шопов од Скопје, за надомест на трошоци за превоз бидејќи е избран за судија на Апелационен суд Скопје. Кон барањето судијата има доставено документација, копија од лична карта, но и изјава заверена на нотар дека судијата има во сопственост стан на подрачјето на судот во кој што ја врши функцијата, односно во Скопје и дека истиот е издаден на закупец.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** и наведе дека во конкретниот случај колегата има стан и станот го има издадено под закуп по своја волја и смета дека ова барање треба да биде одбиено.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека членот 61 и 62 од Законот за судовите ги уредуваат правата и обврските на судиите кои што се времено упатени на извршување на судиска функција надвор од местото на живеење. Конкретно во член 62 став 1 е наведено дека: судијата кој нема сопствен стан во седиштето на судот, има право на користење на соодветен службен стан. Во конкретниот случај судијата има сопствен стан каде што е седиштето на судот за кој времено е упатен да ја извршува судиската функција. Немам дилема дека во овој случај патни трпшоци на судијата Александар Шопов не му следуваат согласно со закон.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлага да се донесе решение со кое се одбива барањето на Александар Шопов судија на Апелационен суд Скопје за надомест на трошоци со кој бара да му се утврди право за надомест на трошоци како судија кој што живее во една, а работи во друга општина, по што предлогот го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 1 глас ,,За" и 9 гласа ,,Против" не е усвоено барањето и констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на Александар Шопов, судија на Апелационен суд Скопје бр.05-278/1 од 30.01.2024 година, за надомест на трошоци со кое бара да му се утврди право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од поднесување на барањето па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Апелационен суд Скопје, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Велес - Скопје и обратно, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

**Точка 4**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет видно е дека има двајца судии кои исполнуваат услови за старосна пензија: Лиле Наумовска–судија на Апелационен суд Битола и Орхан Асим, судија на Основен суд Битола бидејќи двајцата на 18.02.2024 година наполниле 64 години.

Воедно наведе дека страна на Основниот суд Битола доставено е барање од судијата Елизабета Манели Ташевска со кое бара да и се констатира престанок на судиската функција заклучно со 26.02.2024 година

Отвори расправа, па со оглед да никој не се јави за збор констатира дека се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Лиле Наумовска, судија на Апелационен суд Битола** на 21.02.2024 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Орхан Асим, судија на Основен суд Битола** на 21.02.2024 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Елизабета Манели Ташевска, **судија на Основен суд Битола** поради исполнување на услови за старосна пензија – заклучно со 26.02.2024 година.

Воедно наведе дека од страна на Петре Србиновски –судија и претседател на Апелационен суд Битола е доставено барање за констатирање престанок на судиска функција по негово барање, а согласно чл.73 став 1 точка 1 од Законот за судовите, по

што отвари дискусија. Со оглед да нокој  не се јави за збор констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Петре Србиновски, судија на Апелационен суд Битола на 21.02.2024 година, по сопствено барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека согласно член 89 од Законот за судови е предвидено дека во случај на разрешување или престанок на мандатот на претседателот на судот,до избор на нов претседател на судот, Судскиот совет од редот на судиите во судот определува вршител на должноста претседател на судот и потребно е да се донесе ВД претседателот на Апелационен суд Битола.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот м-р Антоанета Димовска која предложи да се определи судијата кој е оценет со највисока оценка.

Од причина што координаторот на Апелационен суд Битола **членот на Советот Лорета Горгиева** е отсутна, **Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на **Заменик претседателот Ханиф Зендели** кој предложи за вршител на должноста претседател на Апелационен суд Битола да биде Александар Камбовски, со најголем број од 193 бодови**,** судија на Апелационен суд Битола.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе Решение со кое Александар Камбовски, судија на Апелационен суд Битола да биде  вршител на должноста и се овластува да биде потписник на сите акти на судот сметано од 22.02.2024 година. По гласањето се констатира дека едногласно со 10 гласа ,,За'' е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За Вршител на должноста** претседател на Апелационен суд Битола се определува **Александар Камбовски,** судија на Апелационен суд Битола и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот. Решението влегува во сила од 22.02.2024 година.

**Точка 5**
**Утврдување на престанок на функцијата судија поротник**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на координаторот на Апелационен суд Скопје, м-р Антоанета Димовска, која наведе дека проследено е барањето Су. Бр.03-50/24 од 05.02.2024 година на Катерина Атанасова Здравеска, со кое бара Судскиот совет да ја разреши од функцијата судија поротник. Предлага да се констатира престанок на функцијата судија поротник по нејзино барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека во моментот не е присутна во салата членот на Советот Павлина Црвенковска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе одлука со која на Катерина Атанасова Здравеска, избрана за судија поротник на Апелационен суд Скопје со одлука на Судскиот совет на РСМ и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање. По гласањето се констатира дека со 9 гласа ,,За" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

На **Катерина Атанасова Здравеска,** судија поротник на Апелационен суд Скопје избрана со одлука на Судскиот совет на РСМ и престанува функцијата судија поротник, по нејзино барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на координаторот на Основен суд Берово, м-р Селим Адеми и наведе дека доставено е барање од страна Гоце Биковски до Судскиот совет, за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Берово.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека во моментот не е присутен во салата и членот на Советот Мирсад Суроји.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе одлука со која на Гоце Биковски, избран за судија поротник на Основен суд Берово, му престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање. По гласањето се констатира дека со 8 гласа ,,За" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

На **Гоце Биковски,** судија поротник на Основен суд Берово избран со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува функцијата судија поротник, по негово барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека со оглед да координаторот на Основен суд Гостивар, Лорета Горгиева е отсутна, наместо нејзе ќе реферира **Заменик претседателот Ханиф Зендели,** кој наведе дека е проследено барањето од страна на Претседателот на Основен суд Гостивар до Судскиот совет на РСМ, кое е заведено под бр. Су.47/24 од 14.02.2024 година каде со изјава - своерачно потпишано барање од Маја Соломоновска се бара престанок на на функцијата судија поротник на Основен суд Гостивар.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе одлука со која на Маја Соломоновска, избрана за судија поротник на Основен суд Гостивар и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање. По гласањето се констатира дека со 9 гласа ,,За" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

На **Маја Соломоновска,** судија поротник на Основен суд Гостивар, избрана со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, и престанува функцијата судија поротник, по нејзино барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на координаторот на Основен суд Охрид, заменик претседателот и член на Судскиот совет Ханиф Зендели и наведе дека доставено е барање од Ружди Шемо, за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Охрид, по негово барање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека повторно се присутни членовите на Советот Павлина Црвенковска и Мирсад Суроји, по што го стави на гласање предлогот да се донесе одлука со која на Ружди Шемо, избран за судија поротник на Основен суд Охрид, со одлука на Судскиот совет на РСМ, му престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање. По гласањето се констатира дека со 10 гласа ,,За" е донесена следната:

**О Д Л У К А**

На **Ружди Шемо,** судија поротник на Основен суд Охрид, избран со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-185/3 од 02.02.2024 година му престанува функцијата судија поротник, по негово барање.

**Точка 6**
**Постапување по приговори од судии поднесени против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово**

**Претседателот на Советот Весна** Дамева му даде збор на координаторот на Основен суд Тетово **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска,** која истакна дека на 10.01.2024 година до Судски совет се доставени приговори од двајца судии на Основен суд Тетово, и тоа судијата Верка Костовска и судијата Бетим Јахја, кои во содржината на приговорите, а судијата Верка Костовска дури и во насловот наведува дека е поднесен приговорот поради повреда на одредба од член 39 став 8 во врска со став 6 од Законот за судовите и бара Судскиот совет согласно член 39 став 12 од Законот за судовите, да постапува и одлучува по приговорите. Со оглед на фактот дека членот 39 став 8 од Закнот за судовите се однесува на состојба која се уредува во случај да судијата е распореден од еден во друг судски оддел во истиот суд, доколку е повредена таквата одредба ако нема согласност од судијата и доколку нема мислење од општата Седница на Врховен суд на РСМ, а е направена таква прераспределба во судот од страна на Претседателот на судот, така да согласно ставот 12 одлучува Судскиот совет. Меѓутоа во конкретниот случај дури и самите судии во своите приговори наведуваат дека тоа е факт и нема таква поделба во судот посебно во судски оддели во рамките на кривичниот оддел. Значи во Основен суд Тетово има само два оддели - граѓански и кривичен, во рамките на кривичен немаме други оддели, немаме посебен прекршочен оддел, а тоа е согласно членот 66 од Судскиот деловник и тоа е исправно. Во случајот имаме распоредување на овие двајца судии да постапуваат по прекршочна материја, но тоа е сепак во рамките на кривичниот оддел. Во случајот немаме распоредување во друг кривичен оддел. Од тие причини кога ги добивме приговорите, Судскиот совет донесе одлука истите бидејќи се однесуваат на Годишен распред за работа во судот, да ги доставиме на надлежно одлучување на Врховниот суд на РСМ, согласно одредбата од членот 39 став 11 од Законот за судовите. Во моментот кога ги добивме приговорите ниту знаевне дека истите суди поднеле воедно на истите околности приговори и до Врховниот суд, само што ги доставиле за Годишен распоред за работа. Сметам дека правилно постапил Судски совет. Од страна на Врховниот суд добивме допис со

заклучок со кои ни ги враќаат предметите на наше постапување согласно одредбата од член 39 став 12 од Законот за судовите и воедно не известуваат дека Врховниот суд на општа Седница постапувал по приговорите на овие двајца судии кои се поднесени против Годишниот распоред за работата на судот, но овие приговори поднесени за повреда на одредбата од членот 39 став 8 од Законот за судовите во смисла на одредбата од став 12 ни ги враќаат предметите на наше надлежно постапување. Имајќи ги во предвид прво содржината на самите приговори, фактот дека во Основен суд Тетово во кривичниот оддел немаме други оддели, значи немаме случај на времено упатување од еден во друг оддел, сметам дека и покрај тоа што едниот приговор е насловен поради повреда на членот 39 став 8 од Законот за судовите, Судски совет треба да ги отфрли приговорите на двајцата судии, од причина што станува збор за приговори против Годишниот распоред за работата на судот, и истите да ги отфрли бидејќи веќе Врховниот суд на општата седница одлучувал по наводите на вакните приговори доставени до нив како приговори на Годишниот распоред за работата на судот. Во овој случај имаме и пресудена работа. Мојот став е истите да бидат отфрлени како недозволени.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** и наведе дека се соласува дека приговорите треба да бидат отфрлени, но во образложението да стои дека Судскиот совет е не надлежен.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Ивица Николовски** и наведе дека нема да се согласи со терминологијата да приговорите да бидат отфрлени затоа што приговорот е дозволен, така да никако не смее да биде отфрлен. Но за мене одлуката на општата Седница на Врховниот суд е со невообичаена изрека, а од друга страна со контрадикторна содржина. Се работи за истакнат приговор на Годишниот распоред за работата на Основен суд Тетово, од страна на двајца судии кои не се согласуваат и со право Судскиот совет применувајќи ги одредбите од членот 39 го достави на Врховен суд. Овој суд на општата седница ги враќа овие приговори на Судскиот совет. Во овој случај во оваа постапка би требало да каже дека ние не сме надлежни и дека надлежен е Врховниот суд затоа што во членот 39 став 4 станува збор за Годишен распоред што е редовна обврска на секој претседател во тековната година да донесе Годишен распоред со кој меѓу другото расположливите ресурси ќе ги распореди со цел да ја оствари програмата. Во овој случај не се работи за друг оддел туку се работи за ист оддел, само им се доделуваат други видови на предмети од кривична област, но она што е битно во конкретниот случај да правиме разлика за Годишен распоред и вондреден распоред.

За збор се јави **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија. Истакна дека 15 години работи како судија на Врховиот суд и знае како работи општата седница на Врховен суд и знае какви одлуки носи и за какви одлуки Врховен суд на општата Седница е надлежен да носи. Во конкретниот случај општата седница на Врховниот суд преку судијата известител кој што е одговорен за конкретниот суд одлучуваше против приговорите на судиите Верка Костовска и судијата Бетим Јахја, судии на Основен суд Тетово кои што изјавија приговори против Годишниот распоред. Општата седница на Врховниот суд одлучи и истите беа доставени. Приговорите беа насловени према Врховен суд но според процесниот закон би требало судиите преку Судски совет да ги доставaт до Врховен суд двата приговори кои што се поднесени од страна на судиите.Приговорите се поднесени согласно член 39 став 4 од Законот за судовите и член 39 став 8 од Законот за

судовите, каде што смета дека е надлежен Судскиот совет, па Ве молам да ми кажете по кој основ Врховниот суд повторно да одлучува и како да ги затвори овие два приговори, затоа што тие се насловени до Судскиот совет. Ви ги враќаме приговорите затоа што Вие ни ги доставивте на нас. Кога го видовте членот 39 став 8 од Законот за судовите можевте да видите и да посочите за кого се пратени.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** и наведе дека Беса Адеми Претседател на Врховен суд во моментот е член на Советот и дека ние не го напаѓаме во никаков случај Врховниот суд.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлага да се донесе Решение со кое Приговорот поднесен од Верка Костовска, судија на Основен суд Тетово против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година да се отфрли. По гласањето констатира дека со 9 гласа ,,За" и 1 глас ,,Против" е донесено следното решение:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од д-р Верка Костовска, судија на Основен суд Тетово против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година Су бр.619/23 од 29.12.2023 година со кој судијата се распоредува на предмети во прекршочниот оддел на Основниот суд Тетово, заведен под бр. 09-6/1 од 10.01.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлага да се донесе Решение со кое Приговорот поднесен од Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година да се отфрли. По гласањето констатира дека со 8 гласа ,,За" и 2 гласа ,,Против" е донесено следното решение:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година Су бр.619/23 од 29.12.2023 година со кој судијата се распоредува на предмети во прекршочниот оддел на Основниот суд Тетово, заведен под бр. 09-106/1 од 11.01.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

**Точка 7**

**Разгледување на извештаи за работна посета на Апелационен суд Скопје и Основен суд Охрид**

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** му даде збор на координаторот на Апелационен суд Скопје, м-р Ивица Николовски.

**Членот на Советот, м-р Ивица Николовски** наведе дека извештајот има неколку страни за превземените дејствија од страна на судиите кои постапувале по овие дејствија и одлучувале по предмети. Причина за овој Извештај беше негодувањето на учесниците во оваа постапка и овој предмет се оддолговлекува

намерно за да се исполнат услови за примена во тој период, последиците од измените и дополнувањата на Кривичниот закон. На една од работните средби посветивме внимание на гласот и негодувањето што дојде и донесовме заклучок да формираме една работна група во состав од страна на членовите на Советот м-р Ивица Николовски, Мери Радевска и Мирсад Сурои, да извршиме работна посета и да се направи непосреден увид од сите списи и да се утврди дали има субјективен елемент или дејствија преземени од субјективен карактер се со цел оваа постапка да биде неоправдано оддолговлекувана и паралелно се создаде можност за да дојде до измените и дополнувањата на законот. Од непосреден увид на списите ние како работна група констатиравме дека дејствијата се превземени согласно одредбите од ЗКП, нема присуство на субјективен елемент на било кој од судиите се со цел и во насока оваа постапка да се оддолговлекува. Предлогот и ставот на комисијата на работната група од увидот непосредно во списите одлучи дека нема пропусти во постапувањето од страна на судиите од Апелационен суд Скопје.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** и наведе дека овој Извештај е исцрпен и опишани се сите дејствија од страна на судиите и јас можам да заклучам дека нема пропусти од страна на судиите.

За збор се јави **членот на Советот, Павлина Црвенковска** и наведе дека констатацијата е во ред и нема никакви пропусти во постапувањата на судиите.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** и истакна дека од тоа што е наведено во Извештајот и констатирано од работната група навистина не може да се видат пропусти од страна на судиите, посебно затоа што овој предмет е прераспределен во работа на друг судија, значи преземени се дејствија согласно закон и навистина не можам да најдам пропусти кои би можеле да се стават на товар, на вина на судиите кои постапувале по предметот.

За збор се јави **Заменик претседателот и член на Судскиот совет Ханиф Зендели,** и наведе дека исто така и тој нема некои забелешки по однос на Извештајот на работната група.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање **Извештајот за работна посета на Апелационен суд Скопје** и констатира дека со 10 гласа ,,За" истиот **е усвоен.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор на координаторот на Основен суд Охрид, Павлина Црвенковска.

**членот на Советот, Павлина Црвенковска** наведе дека Основен суд Охрид за периодот од 01.01.2023 година до 12.10.2023 година кога е извршена работната посета имал 5553 илјади нерешени предмети од кои што 2514 нерешени предмети од кривичната област, 3020 предмети од граѓанската област и 19 предмети од судската управа. Во истиот период Основен суд Охрид, примил во работа 13.821 нови предмети, од кои што 9301 во кривичен оддел, 4093 во граѓански оддел и 427 од судската управа. За овој период од 10 месеци Основен суд Охрид решил 13.317 предмети, од кои 8970 предмети во кривичен оддел, 3950 во граѓански оддел и 397

предмети од судската управа. Останале нерешени 6052 предмети и тоа 2843 нерешени предмети во  кривична област и 3160 од граѓанска област, како и 49 од судска управа.Во овој период јануари-октомври 2023 година Основеновниот суд Охрид не го надминал приливот за 504 предмети. Мора да се напомене дека освен предмети за подрачјето за кои е месно надлежен Основен суд Охрид евидентен е прилив на кривични предмети од други судови и покрај предметите од Основен суд Прилеп и Основен суд Битола кој се пренесуваат заради изземање на судиите од овие судови и сите предмети заведени пред Основен суд Струга по обвинителни акти се пренесуваат во работа на Основен суд Охрид. Основен суд Охрид 2023 година ја започнал со 12 судии, по систематизацијата и анализата што ја направи Судскиот совет,утврдивме дека на овој суд и се потребно 18 судии. Во месец октомври судот работи само со 9 судии, еден судија со половина работно време и претседателот на судот што еден од судиите во месец јуни од 01.02.2023 година е распореден за судија во Основен суд Струга, а еден од судиите се пензионирал во месец јуни и другиот судија во месец август. При посетата одржана со претседателот на судот, е разговарано по однос на состојбата со предметите, за ажурност, отворени се прашања во врска со екипираноста на судот со судии, стручни соработници, со судската служба, со опременост, со компјутери со возило дали располагаат и како и во секој суд беше укажано од претседателот дека недостигот на судии во моментот работат со 8 судии и се трудат се што може да направат. Не интересираше и за стари нерешени предмети 1042 предмети се предмети кај нотарите и претседателот им укажал за побрзо решавање и за бројот на предметите кои се во судот. Колегата м-р Миљазим Мустафа изврши увид во предметите за изземање, а колегата Мирсад Сурои изврши увид во предметите од кривична област. Побаравме од претседателот на судот да ни извади листинг од АКМИС системот кои се најстари предмети и од предметите по случаен избор ние одредивме да ни бидат донесени на увид и да видиме што е проблемот со најстарите предмети. Јас ги разгледував предметите од граѓанска област, а колегата Мирсад Сурои од кривична област. Заклучок е дека голем број на судии имаат отсуство од работа пордаи боледувања и има пензионирани судии и се доведува во сутуација прераспределба да предметот го води еден судија, па потоа го презема друг судија. Имаше една основана претставка во врска со работата на еден судија од Основниот суд Охрид, беше повикана на разговор судијата и беа побарани предметите кои што се во претставката со тоа што два предмети  не можеа да ни бидат дадени во увид затоа што се наоѓаат на одлучување во апелационен суд. Побаравме од претседателот на судот да ни извади листинг од АКМИС системот за еден месец, за да видиме судијата кога го примил предметот, кога ја донел одлуката и кога го верифицирал? Сите судии во судот работат и кривична и граѓанска материја и секој судија има свој стручен соработник. Имаме и заклучоци од работната група кои ги спремивме во врска со посетата во Основениот суд Охрид.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија, за збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** и наведе дека во Извештајот е објаснето се. Но роковите треба да бидат до 60 дена ако судијата е редовно на работа.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** и наведе дека треба повеќе да има контроли од причина што Основениот суд Охрид беше најпроблематичниот суд во државата за пречекорувањето на законските рокови, во тој период имавме и разрешување на судии и потоа се стабилизира ситуацијата во судот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање **Извештајот за работна посета на Основен суд Охрид** по однос на точка 3 со дополнување на точка 4 и констатира дека со 10 гласа ,,За'' истиот **е усвоен.**

**Точка 8**

**Разгледување на прашањето за начинот на постапување на Советот, по донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на претседателски и парламентарни избори**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека во врска со донесената Одлука на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на претседателски и парламентарни избори потребно е да дискутираме по однос на начинот на понатамошното постапување на Советот, во текот на изборите а кој се однесува на постапките за утврдување на одговорност, постапките за избор на судии и за избор на претседатели во сите фази на постапување а во прилог на материалите доставени се и Заклучоци меѓутоа треба да ги имаме во предвид и препораките и се онаа што може да го оформи нашиот став поединечно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** орвори расправа и наведе дека ова е многу сензитивно прашање и многу важно и повелете да дискутираме за да донесеме одлука.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Ивица Николовски** и наведе дека Државната комисија за спречување на корупција во врска со престојните избори не известува со одредбите до каде е дозволено постапувањето, конкретно во Судскиот совет во вршење на своите наджности. Сметам дека ние немаме пречка да работиме во рамките на своите надлежности бидејќи сме свесни да ги толкуваме правилно нашите обврски. Судскиот совет прво е носител на третиот столб кој е рамноправен со останатите столбови. Дејствијата поврзани со одредбите на овој закон се дејствија по кои се мешаат двата столба. Ние како независен и самостоен орган сметам дека немаме пречка да постапуваме во рамките на нашите редовни надлежности, а посебно имајќи го во предвид Акциониот план за обезбедување на услови за нашите интереси во судството, мислам дека сме доволно свесни да ги толкуваме правилно овие одредби. Ние немаме некои месечни вонредни исплати. Под точка два се вели дека не може да се започне постапка за вработување или престанок на работен однос, но освен ако се работи за случаи на итни и неодложни работи, избор или разрешување на судии, но во еден дел по претходно усвоен Акционен план нема да се врши избор затоа што е неопходно. И второ имаме и случаеви дали треба да поведеме постапка? Моето мислење е ,,да'' затоа што постапката е итна, непредвидена и неодложна. Мене како член на ова тело апсолутно не ме обврзува мислење на друг орган, од превентивна смисла ,,да'' но кога доаѓа прашање за одговорност сум свесен дека сум должен кога преземам надлежности знам дека имам право тие надлежности да ги преземам и секој е свесен за своите надлежности. Ние не можеме да ги оставаме сите процеси во мирување кои што се неопходни за нормално функционирање на судството поврзано како за избор, така и за разрешување. Тоа се наши редовни работи кои се од карактер за итни и непредвидени за кои ние мора да постапуваме. Сметам дека ние немаме пречка да работиме во

рамките на своите надлежности бидејќи сме свесни да ги толкуваме правилно нашите обврски.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека можеби не треба да ги преземаме сите дејствија во смисла на избори на претседатели на судови затоа што имаме опција да ставиме вршител на должноста претседател за да по истекот на изборниот процес ќе избереме претседател. По однос за избор на судии не сме ни во можност затоа што ги чекаме кандидатите од 8-та генерација од Академијата за судии и јавни обвинители. Во однос на унапредување за постапките не гледам пречка да си течат затоа што изборот треба да се направи во одреден суд, знаеме колку време треба и колку дејствија треба да се превземаат. По однос на постапките за утврдување на одговорност навистина е нечесно спрема оние судии кои што имаат повеќе постапки да чекат да заврши изборниот процес и секој ден да им биде во неизвесност. Во однос за изборот за членови на Судскиот совет тие се итни постапки затоа што многу одлуки зависат токму од тие двајца членови. Без тие двајца членови не може да функционира Судскиот совет и со тоа се доведува во прашање функционирањето на Судскиот совет во овој период. А да не зборувам од доволни аргументирани причини како што кажа и колегата м-р Ивица Николовски што претставува Судскиот совет и дека сме независно самостојно тело не гледам дека треба да бидеме доведени односно треба да го почитуваме членот 8А од изборниот законик, но да цениме кои ситуации се итни и неодложни и по кои мораме да постапуваме. А по однос на Известувањето добиено од Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси, видете тоа не е во рамките на надлежностите на Државната комисија али ќе го прифатиме како добронамерно иначе во рамките на надлежностите не влегува тоа, тие не ги предупредуваат ниту даваат мислење до институциите. Нивното право е да ја следат состобата во случај на пријави или самите кога ќе увидат дека постои корупција или судир на интереси да дејствуваат и го пријават случајот до надлежните институции. Поради здравствени причини ќе ме извинете но морам да ја напуштам седницата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска ја напушти седницата поради здравствени причини.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека сега ова е проблемот од единаесет члена остануваме на девет члена, не ме разбирајте погрешно колешке меѓутоа се соочуваме со недоволна тежина на сите Одлуки на наредниот период, бидејќи веќе сме со намален од двајца членови еве од оправдани причини мора поради здранствени причини членот да оди, еден не е присутен и ние ќе кубуриме и наредниот период со седум или осум гласа, но тоа е.

За збор се јави членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** и наведе дека ќе почне од член 1 од Законот за Судскиот совет кој вели дека: со овој закон се уредуваат постапките за избор на Судскиот совет на Република Северна Македонија, начинот на остварување на неговите функции, изборот, престанокот и разрешувањето на судија и судија поротник, постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, следењето и оценувањето на работата на судиите, начинот на работа и одлучување и други прашања поврзани со работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Ова е целата наша надлежност и сега доаѓаат избори и ние не можеме да ставаме клуч во Судскиот совет. Ние сме должни да ја работиме работата. Јас не гледам причина да не постапувам по барање за утврдување на одговорност на судија, ако седам во ова тело како судија со интегритет и како член. Дали тоа значи дека кога сме во изборен процес јас ќе мислам едно а кога ќе завршат изборите ќе мислам друго. Овде таксативно стои кои работи не се превземаат и овие работи се за државната администрација, а не за судството. Според мене сите постапки треба да течат а за членови на Судскиот совет немам дилема. Телото мора да работи во полн состав и мора да се направат сите обиди да работиме во полн состав. Оваа пракса што сме ја имале до сега Судскиот совет има најдобра намера за да покаже дека не му се вршат никакви влијанија, меѓутоа судиите секогаш се чудеа зошто Судскиот совет запира со работа. Ние сме независна власт и јас сметам дека ние треба да работиме.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Миљазим Мустафа** и наведе дека треба да се почитуваат сите закони во државата и има доставени рестриктивни мерки по однос на преземање одредени дејствија на изборниот процес. Треба да се почитуваат насоките на Државната комисија за спречување на корупција. Овој не е прв изборен процес и знаеме дека многу од работите се парализираат во државата, а не само во Судскиот совет, од причини што имало злоупотреби и затоа се ставени толку рестриктивни одредби по однос на преземање на одредени дејствија во изборниот процес.Судскиот совет има еден куп работи кои што не зависат од изборите. Мислам дека треба да се почитува известувањето односно насоките на Државната комисија за спречување на корупција која во целост е во согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси и со Изборниот законик, а во насоките кои се дадени стои дека: не може да се постапи за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државните институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување. Значи децидно, јасно, изрично е доставено од страна на Државната комисија за спречување на корупција, освен во итни случаи. Значи имаме известување од Државната изборна комисија, имаме заклучоци и барам сите да се почитуваат и Судскиот совет да постапи како и во изминатите години.

За збор се јави **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија која смета дека потребно е доследно да се почитува уставното начело на поделба на власта. Судската власт ја вршат судовите кои што се независни, самостојни државни органи. Во оваа насока изборот на судии е една од клучните прашања кои што произлегуваат од начелото на независност но и од начелото на ефикасност. Факт е дека е потребно пополнување на судовите со судии вклучително и во Врховниот суд на РСМ со нови судии согласно доставените мислења до Судскиот совет на РСМ и програмските заложби. Непостоењето на законска пречка законите кои што ги цитираа одредени колеги по ова прашање апсолутно не постои законска пречка да се врши избор на судии или разрешување и Судскиот совет да продолжи со работа, доволно укажува на тоа дали е потребно процесот на избор на судии, избор на членови на Судски совет или пак утврдување на одговорност на судии да не биде заокружен, значи не постои законска пречка. Во овој клучен период за нашата Држава и за нашето судство исправени сме пред еден голем предизвик, а тоа е ефикасно судство. Јас не би правела разлика за итни и неодложни ситуации, тоа се однесува за сосема други ситуации и не правам разлика дали се работи за избор на судии или претседатели на судови или за членови на Судскиот совет, но кога се работи за избор на судии и тој претседател што го избира Судскиот совет и тоа е од редот на судиите.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** нагласи дека поранешниот состав исклучиво ги забрануваше и ги ставаше во мирување сите постапки. Другиот состав само ги цитираа одредбите од законот и не објаснуваа дали да се работи или не. Сметам дека Судскиот совет може да работи само за итни и неодложни работи.

За збор се јави членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** и надеде дека јас би се сложила доколку овдека законодавецот многу широко ставил меѓутоа не ги посочил судовите, значи ние сме посебна власт ако имал таква намера тоа ќе го кажал таксативно. Еве имаме постапка за утврдување на одговорност може ќе заврши а ако не заврши со престанок? Ништо не знаеме и според мене не произлегува од законот самиот Судскиот совет си се подвел под оваа одредба. Ако сакаме да покажеме дека сме навистина независна власт ќе се спротивставиме на таквото толкување, ние имаме образложение зошто го правиме ова затоа што сме независна власт. И финансиски импликации на што? Нели ние имаме буџет кој што е одвоен од 0,29 % и во рамките на тие финансии ние ќе ги унапредуваме судиите. Нема финасиски импликации нити можеме да побараме од финансии да ни дадат пари. Во рамките на тие 0,29 % ние ќе вршиме унапредување. Ние во рамките на тој буџет долгогодишна пракса ви кажувам не постои, и да ви кажувам дека сите судии се против ваквото постапување на Судскиот совет. Зошто запирате со работа прашуваат судиите? Ова се 90 % од нашите работи, не можеш да вршиш контрола по судови и што ќе работиш? Ништо! Само ќе се трупа работата и кога ќе завршат изборите ние ќе почнеме да работиме. Дури и да не дојдеме до избор, која е причината да застанеме да не ги праеме тие работи по однос на исполнетост на условите за конкурирање за повисок суд. Јас немам дилема дека ние треба да работиме нити има финансиски импликации нити ништо.

За реплика се јави членот на **Советот, м-р Селим Адеми** и наведе дека колешке **м-р Антоанета Димовска** зошто пред три месеци не објавувавме оглас за член на Судскиот совет? Не кажувам дека административниот процес да заврши се знае што, никој не ни кажал да провериме дали има диплома, ние не можеме на терен да му одиме на колегата на судење да го проверуваме. Зошто личниот контакт со судијата е за сомневање.И не мислат сите судии исто зошто и пред вас беа судии и тоа искусни судии, и не дека не знаеле тие.Ве молам!

За збор се јави **претседателот на Советот Весна Дамева** и наведе дека неспорно е дека имало Заклучок од страна на Судскиот совет по однос на ставање во мирување на сите постапки. Меѓутоа, тоа било пред година, две, три, а во 2024 година се на патот за влез во ЕУ. Токму на тој пат една од препораките што треба да се имплементираат, и тоа 15-та препорака е да се забрза процесот на оценување на работата во однос на унапредување на судии за да се пополнат одредени позиции во судството. Тоа е една од препораките и таа е нотирана во Извештајот на Оценската мисија. Но, каде се сите оние други нотирани заложби коишто Судскиот совет треба да ги направи за да излезе од онаа криза, од старите проблеми кои биле и во 2021 година кога бил донесен Заклучокот и од 2022, 2023 година и сл. Таа е разликата, затоа што има променети околности и не може ако било работено така, сега во 2024 година кога целата држава се бори час поскоро да влезе во ЕУ да кажат не, да кажат дека ќе работат административни работи и дека тоа не се прифаќа.

Укажа дека една од основните заложби на Судскиот совет којашто е нотирана речиси во сите Извештаи повторно е Судскиот совет и судството воопшто да биде независно и непристрасно, самостојно да одлучува. Тоа можеби пред тоа било декларативно, меѓутоа во 2024 година ќе се залага за влезот во ЕУ. Различното толкување на некоја законска одредба, што мислел законодавецот, дали унапредувањето на судиите е ново вработување, посочи дека не е ново вработување. Дали судиската функција ќе се врши во Основен суд, во Апелационен суд или во Врховен суд нема дилема, дека не претставува ново вработување.

Посочи дека по однос на прашањето за избор на член на Судскиот совет, членот се бира на непосредни избори со тајно гласање, го бираат судиите и ако за ова не се согласуваат визави праксата на Советот на јавни обвинители каде што ќе се спроведува во март избор на член искрено ќе смета дека е опструкција на Судскиот совет. Бидејќи кубурат со гласови. За пример, во моментот носат крупна одлука, а се присутни само 9 членови. Се извини, но мора да биде отворена затоа што некои одлуки мора да се носат разумно и мора да се обсмислат добро.

Нагласи дека по однос на законските одредби 8А, 8Б, по однос на Упатството на ДКСК не мисли дека ДКСК погрешила. Упатството е одлично, но каде се пронаѓаат во одредбата? За местото член на Судскиот совет има предвидено средства до крајот на годината. Тоа го знае претседателката на Врховниот суд како член на СБС. Тоа се пари предвидени за тие места.

Напомена да се разграничи. Има три ситуации, постапки за избор на судии, постапки за утврдување на одговорност на судии и постапки за избор на член на Судскиот совет. Тоа се основните надлежности на Судскиот совет. Доколку се блокираат се доведува во прашање и дали претставките треба да се разгледуваат, бидејќи и таму има основани и неосновани.

Дополни дека „најубаво е“ денес, ако мнозинството од присутните смета да се стави во мирување Судскиот совет. Имаат Акционен план, има Извештај од Оценска мисија со рокови. Во мај, евентуално во јуни кога би се формирала Влада ништо да не преземат и да велат „така го читам законот“ тоа време одамна е поминато, веќе се променети околностите. Ако самите не се залагаат за финансиска независност, не се залагаат за самостојност и независност во одлучувањето кој тоа треба да го овозможи тоа, и кој може да ги спречи во остварувањето на основната надлежност? Нели се една од трите власти? Не знае која е нивната заложба, дали сите поединечно имаат расчистено што сакаат? Дали е важен приемот во ЕУ, а за тоа ќе мора да се однесуваат и да постапуваат согласно препораките, согласно нотираните факти и работи кои ги правеле во минатото кои сега треба да ги исправат или ништо да не работат, да нема успеси? Во моментот нејзиниот глас е тој, таа е еден член на Судскиот совет, како ќе одлучи мнозинството така, но ќе биде директно дека се прави опструкција на цел процес, бидејќи три месеци без законска основа ќе замрзнат се и ќе работат административни работи, а граѓаните нека чекаат кога ќе им се промени ставот да дискутираат понатаму.

Додаде дека е разочарана од одредени размислувања каде во одредени одлуки треба. не е размислено дали е запретена одговорност, а сега кога се остварува основната заложба со големи сили да се борат да покажат независност и непристрасност, да постапуваат по препораките на ЕУ, се мислат дека ќе имаат одговорност. Која е одговорноста ако нема финансиски импликации ако биде избран член на Судскиот совет, ако се заврши постапката за оценување и за одговорност?

Резимираше дека сака да слушне аргуменитрана, а не паушална дискусија, па и ќе ретерира во ставот ако треба.

За збор се јави членот на **Советот, м-р Селим Адеми** и наведе дека како прво не треба да се злоупотребува ЕУ. Не значи дека имаме спротивно мислење за ЕУ зошто добро знаеме дека во Државата кој е и кој не е за ЕУ. И ова нема врска со донесувањето на Акцискиот план тој ќе се донесе и има и други работи кои треба да се направат и подзаконски акти ќе се менуваат.90% од Акцискиот план ќе се реализира. И вие гласавте за Заклучокот во 2021 година. Кажете некоја препорака од некој Амбасадор од државите на ЕУ кој кажува дека Судскиот совет треба да работи во овој период.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да продолжи Судскиот совет со остварување на основната надлежност за избор на судии и разрешување на судии и избор на членови на Судскиот совет на РСМ и констатира дека со 3 гласа ,,За'' и 6 гласа ,,Против'' не е прифатен предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање Заклучокот да се стават во мирување постапките за утврдување одговорност на претседтаел на суд/судија, односно идентичен заклучок како во 2021 година и констатира дека со 6 гласа ,,За'' и 3 гласа ,,Против'' е усвоен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Постапките за утврдување на одговорност на претседател на суд/судија, во сите фази на постапување и тоа: барањата за утврдување на одговорност на претседател на суд или судија за кои по приемот во Советот не е формирана Комисија на известители, започнатите постапки по кои комисиите на известители имаат превземено одредени дејствија, како и постапките кои се во фаза на изготвен извештај за констатирана состојба, од денот на донесување на одлуката за распишување на претседателски и парламентарни избори, до денот на завршување на претседателските и парламентарни избори, се ставаат **ВО МИРУВАЊЕ**.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлага да се донесе заклучок и во врска со постапките за избор на претседател на суд/судија и констатира дека со 6 гласа ,,За'' и 3 гласа ,,Против'' е усвоен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Постапките за избор на претседател на суд/судија, во сите фази на постапување и тоа: објавување на оглас, спроведување на интервју, организирање на полагање на психолошки тест за проверка на социјалните способности и тест за интегритет за проверка на етички и морални вредности на кандидатите, проверка на знаењето на практична работа со компјутери, како и избор на претседател на суд/судија по веќе завршените постапки, од денот на донесување на одлуката за распишување на претседателски и парламентарни избори до денот на завршување на претседателските и парламентарни избори, се ставаат **ВО МИРУВАЊЕ**.

**Точка 9 - Разно**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на Нотарската комора на Република Северна Македонија е доставено барање за предлог на два члена и нивни заменици од редот на судиите во РСМ, за членови на Дисциплински совет на Нотарска комора на РСМ.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека во моментот не е присутен во салата членот на Советот м-р Антоанета Димовстка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот за членови на Дисциплински совет на Нотарска комора на РСМ да бидат членовите на Судски совет Сашко Георгиев и Мирсад Суроји. По гласањето констатира дека со 8 гласа ,,За'' е усвоен предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека повторно е присутна во салата членот на Советот м-р Антоанета Димовстка.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот за заменик член на Дисциплински совет на Нотарска комора на РСМ да биде Реџеп Асани. По гласањето констатира дека со 9 гласа ,,За'' е усвоен предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го стави на гласање предлогот за заменик член на Дисциплински совет на Нотарска комора на РСМ да биде Гордана Билеска. По гласањето констатира дека со 9 гласа ,,За'' е усвоен предлогот за **Гордана Билеска-**судија на Основен граѓански суд Скопје – за заменик член на Дисциплински совет на Нотарска комора на РСМ.

Согласно изложеното констатира дека за членови и заменици на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на РСМ, Судскиот совет ги предлага следните судии:

1.-**Сашко Георгиев**-судија на Основен суд Штип – член,
-**Гордана Билеска-**судија на Основен граѓански суд Скопоје- замениик член,
2. -**Мирсад Сурoји** –судија на Основен суд Куманово- член
-**Реџеп Асани**-судија на Основен суд Гостивар-заменик член,

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека седницата заврши во 15.30 часот.

Напомена: тонскиот запис и листингот од гласањето се составен дел на записникот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Весна Дамева**

Изработил: Медиа Шаќири
Одобрил: Весна Толева